# Вести од светот
## за млади и возрасни

2018 • **ВТОРО ТРИМЕСЕЧЈЕ** •

СЕВЕРНОАМЕРИКАНСКА ДИВИЗИЈА





www.AdventistMission.org

# Нашите дарови на дело



Пред три години, дел од даровите на 13-тата сабота бил употребен за финансирање на 35 евангелски серии во Западна Вирџинија. Овој број на мисионското списание содржи стории за четири души кои се крстени по тие евангелски серии, вклучувајќи ја и Хуанита Сетлиф, чиј живот потполно се променил откако го добила памфлетот. Прочитајте го нејзиното искуство на 30 страна.

**СОДРЖИНА**


**Маршалски острови**

5 Молитва за немирното момче / 7 април T

8 Салата за игранки станува училиште / 14 април

11 Моќта на свежиот средношколец / 21 април

14 Мексиканката која се откажува од се / 28 април T

**Алберта, Канада**

17 Привлечен кон Него / 5 мај

20 Воспоставување врска / 12 мај

23 Разговор со мртвите / 19 мај

**Западна Вирџинија, САД**

26 Средба на бензиската пумпа / 26 мај

30 Интересен памфлет / 2 јуни

33 На излегување / 9 јуни

36 Писмо од рајот / 16 јуни

**Аризона, САД**

39 Демоните разговараат со мене / 23 јуни T

**Извори**

42 Програма на 13-тата сабота / 30 јуни

46 Идни проекти на 13-тата сабота

47 Порака на издавачот

48 Извори


T = *Стории кои се посебно интересни за тинејџерите*

‣ На предната корица од списанието: Ајда Елизабет Дејвис се обидела да си замине од состанокот кој бил финансиран од даровите на 13-тата сабота, но еден верник на црквата ја сопрел. Прочитајте го нејзиното искуство на 22 страница.

# Драг водачу на саботната школа,

Ова тримесечје ќе ви ја претставиме Северноамериканската дивизија (САД) која се простира преку територијата на САД, како и нејзините островски територии Гуам, островот Вејк и Северномаријанските острови во Пацифичкиот Океан, потоа, Палауа, Маршалските острови и федералните држави Микронезија, Канада, француските острови Свети Пјер и Микелон, како и британските територии, Бермудите. Во оваа област живеат 360 милиони луѓе, меѓу кои има 1,2 милиони адвентисти, што претставува однос од 1 адвентист на секои 300 луѓе.

Даровите на 13-тата сабота во ова тримесечје ќе бидат употребени во американската држава Аризона, како и во канадската провинција Алберта, потоа на островот Иби кај маршалските острови. Во сите овие места постои една заедничка работа, а тоа е образованието.

Во Аризона парите ќе бидат употребени за изградба на нова спортска сала и кафетерија во адвентистичкото индијанско училиште Холбрук. Го посетив ова 72 години старо училиште и ја видов моменталната состојба која пека за реконструкција.

Еден ученик, кој беше крстен во тоа училиште, ми рече дека распаднатата училишна зграда ја претставува неговата црква во лоша светлина меѓу многубројните луѓе од американско-индијанско потекло, кои таму се собираат за општествени настани.

Во Алберта, индијанското училиште Мамави Атоскетан ќе добие средства со кои ќе може да ја прошири својата образовна програма, посебно за учениците од повисоките одделенија на основното училиште.

На островот Иби, адвентистичкото училиште Иби ќе може да ги изврши итните поправки во својата трикатна училишна зграда. Ѕидовите се ронат бидејќи се изградени од цемент кој бил мешан со солена морска вода за време на сериозната суша во 1987 година. Владите на Маршалските острови и Јапонија великодушно учествувале во финансирањето на поправките, а даровите на 13-тата сабота ќе бидат употребени за да се довршат започнатите работи.

## Можности

Даровите на 13-тата сабота за ова тримесечје ќе одат за:

1. Адвентистичкото индијанско училиште Холбрук во Аризона во САД
2. Индијанското училиште Мамави Атоскетан во Алберта, во Канада
3. Адвентистичкото училиште Иби на островот Иби, кој им припаѓа на Маршалските острови.

**СПЕЦИЈАЛНИ КАРАКТЕРИСТИКИ**

Ако сакате да ја направите својата саботна школа поинтересна, можете да го преземете Мисионското списание во PDF верзија од линкот: bit.ly/adultmission и да ја читате на фејсбук. Посетете ја и лајкувајте ја нашата фејсбук страница (Facebook.com/missionquarterlies).

Искористете ја предноста на мисионските приказни во видео-записот, во кој се изнесени искуства на луѓето ширум светот, со посебен фокус на оние што ќе ги примат мисионските дарови на 13-тата сабота. Ако сакате, можете да добиете опис на секој видео-клип и линк на интернет, за да можете да ја преземете апликацијата или да ги гледате видеоклиповите онлајн.

Ние секоја седмица поставуваме дополнителни слики и занимливости кои можете да ги преземете и да ги прикажувате во својата класа на компјутер или на мобилен телефон додека ги читате мисионските приказни, или можете да ги испечатите и со сликите да ја декорирате просторијата на саботната школа или вашата саботношколска табла.

Дополнителни информации и активности: Во одделот ИЗВОРИ, можете да најдете неколку веб-страници кои можат да ви помогнат, како и дополнителен материјал за вашите мисионски презентации. За дополнителни информации можете и директно да ме контактирате: mcchesneya@gc.adventist.org

Ви благодариме што помагате членовите на вашата саботношколска класа да се запознаат со своите духовни браќа и сестри насекаде во светот, и што ги охрабрувате да учествуваат во мисионството на црквата преку своите доброволни дарувања.

Од срце ви посакувам изобилни Божји благослови!



*Ендрју Мекчизни*
*Уредник на списанието*

# Молитва за немирното момче




Маршалски острови / 7 април 2018

Елиза Албертсен, 21

Малиот Ломон не ја носел својата училишна униформа на првиот ден од училиштето во адвентистичкото училиште Иби на Маршалските острови. Вториот ден од училиштето, петгодишното момче дошло во забавиштето носејќи ја својата училишна униформа. Но, бил палав, не можел да седи мирен и да ја слуша учителката Елиза Албертсен, млада мисионерка од Аљаска. Тој сакал да биде надвор, и да си игра со другарите кои уште не оделе во забавиште.

Ломон бил немирен, ги штипел и ги удирал другите деца. Елиза го казнила на тој начин што го одвоила од другите деца. Меѓутоа, Ломон не се смирувал и почнал да завива како волк.

Елиза го одвела Ломон кај директорот, но неговото однесување не се подобрило. Да бидат работите уште потешки, многу деца од забавиштето имале потешкотии да се прилагодат на училиштето. Се буткале и се гребеле едни со други, па дури ја задевале и самата наставничка. Еден ден, сите дваесет деца потрчале кон отворените прозорци, надевајќи се дека ќе скокнат и ќе побегнат на улица.

Елиза некако успеала да ги сопре. Меѓутоа, Ломон претставувал најголем предизвик.

Елиза разговарала со тетката на Ломон. Дознала дека мајка му и татко му се алкохоличари и дека живеат на некој друг пацифички остров. А тој, со тетка му и вујко му, живеел на островот Иби, на кој живеат повеќе од 12.000 луѓе на 32 хектари земја.

Срцето на Елиза било привлечено кон Ломон. Тој немал нормален однос со своите домашни и за прв пат одел во забавиште.

„Сфатив дека нему му беше потребно многу внимание и љубов“.

Елиза забележала дека Ломон доаѓа со модринки во забавиштето. Сфатила дека нешто се случува во неговиот дом и за тоа разговарала со директорот. Но, многу малку можела да направи во културата во која возрасните и децата често ги кријат модринките и ги сметаат за случајни несреќи, а служби за заштита на децата воопшто и не постојат.

Елиза одлучила да престане да им зборува на домашните на Ломон за неговото лошо однесување и, наместо тоа, решила да се моли.

Еден ден си заминала дома со насолзени очи барајќи совет од Бога што да прави со Ломон, бидејќи сакала да биде успешен таа училишна година.

Почувствувала дека во училницата се води духовна борба, иако децата биле на предучилишна возраст.

„Овие деца се на возраст во која почнуваат да се стекнуваат добри и лоши навики. Тоа е период во кој сатаната сака да изврши што поголемо влијание, за на тој начин да го прекине односот на децата со Исус“.

Елиза почувствувала потреба секојдневно да се моли не само за Ломон и за неговото прилагодување во забавиштето, туку и за останатите деца, за нивните семејства, како и за тоа Бог да ја исполни атмосферата во училницата со дух на љубов. Се молела за секое дете и секој член на нивните семејства, особено секое утро и навечер.

„Бев решителна и верував дека работите во мојата училница можат да се променат“. Во забавиштето, Елиза почнала да го казнува Ломон, кога бил немирен, на тој начин што останувал подолго од останатите деца, и секој пат се молел со неа. Ломон не знаел како да се моли, и таа го научила.

„Мил небесен Татко, Ти благодарам за овој ден. Ти благодарам за храната што ми ја даваш. Извини што денес бев немирен во забавиштето и го повредив другарчето. Те молам, прости ми, и помогни ми повеќе да се потрудам за да бидам добар и послушен утре“. Ги повторувал зборовите на Елиза.

Еден ден, додека се молела со Ломон, момчето ѝ се обратило. „Госпоѓице, дали можам да ги донесам и да ги наместам сите столчиња?“

За прв пат сакал да помогне.

По две седмици во текот на кои се молела, Елиза забележала голема промена во однесувањето на децата во својата училница.

Ломон почнал да ја чисти училницата откако другите деца ќе ја извалкале. Се обидувал да посредува при несогласувањата меѓу децата, барајќи од нив меѓусебно да се прегрнат.

Останатите деца почнале помирно и понежно да се однесуваат едни кон други. Научиле да кажат, „извини, те молам прости ми“ на оние на кои им била нанесена штета. Научиле да кажат „ти простувам“ и да се прегрнат. Училницата се исполнила со божествена љубов.

Наставниците не би требало да имаат свои омилени деца, но Ломон прираснал за срцето на Елиза.

„Тој беше повредено дете кое сакаше да биде сакано и да живее во стабилно опкружување“.

Дел од даровите на 13-тата сабота за ова тримесечје ќе биде употребен за итните поправки на училницата во адвентистичкото училиште Иби, за да може да продолжи да ги подучува децата, како што е Ломон, за љубовта на нашиот небесен Татко.

Ви благодариме што ги поддржувате мисионерските дарувања.

---

*Името на момчето е променето. Ломон на локален маршалски јазик значи „немирни води“.*

*Погледнете го видео клипот на линкот: bit.ly/Elisa-Albertsen*

*Прочитајте за радосните вести на веб-страницата на адвентистичката мисија: bit.ly/ebeye-joy-journal*

## Мисионски информации

**Маршалските острови се островска земја во централниот дел на Пацифичкиот Океан. Републиката Маршалски острови, под името под кое државата е официјално признаена, се наоѓа на половина пат меѓу Хаваите и Австралија.**

**Маршалските острови имаат два официјални јазици – маршалски и англиски.**



# Салата за игранки станува училиште

**Маршалски острови / 14 април 2018**

**Ноџаб Лемари, 66**

Во 1980 година, кога адвентистичката црква потпишала договор со владата на САД за да ја надгледува работата на својата единствена болница, на островот Иби немало ниту еден адвентист. Во тоа време, Иби, мал остров на Пацификот со 12,000 жители ѝ припаѓал на американската територија на Микронезија. Јас работев во болницата како медицинска сестра, а мојот сопруг Релонг, беше шеф на полицијата на Иби. Бевме сопственици на најголемата парцела на островот.

Адвентистичката црква, која управуваше со болницата, доведе тим од врвни административци, доктори и медицински сестри. Главната медицинска сестра, Џери Вајтленд, нè повика мене и мојот сопруг да ја проучуваме Библијата. Се договоривме брзо и почна да доаѓа во нашиот дом секоја вечер на проучување.

Некаде во тоа време, мојот роднина Томи Килма од островот Дуам, заедно со уште неколку верници адвентисти, дојде на островот и од мојот сопруг побара дозвола да отворат адвентистичка црква и училиште. Мојот сопруг потоа разговараше со другите племенски водачи. Добивајќи ја нивната согласност, почнаа да преуредуваат една стара зграда во училиште. Во таа зграда се одржуваа игранки, како и извлекување на томбола. Мене и на мојот сопруг ни беше непријатно таму да се отвори адвентистичко училиште, бидејќи во тоа време ја проучувавме Библијата.

Детската градинка и основното училиште беа отворени есента 1980 година, а мојот најстар син стана еден од првозапишаните во предучилишната настава во градинката.

Во следните три години, Библијата ја проучувавме во нашиот

дом. Понекогаш главната сестра би го држела библискиот час, а понекогаш проучувањето би го водел некој од болницата.

Се борев со новите сознанија. Одгледана сум во семејство кое беше многу строго по прашањето околу држењето на неделата, а мојот татко беше ѓакон во црквата што се наоѓа на мојот роден остров Наму. Татко ми ја водеше црквата кога пасторот не беше присутен. Мојот сопруг и јас увидевме дека Библијата ја зборува вистината и затоа решивме да се крстиме во 1983 година. Ние бевме воедно и првите адвентисти на островот Иби.

Татко ми не ја одобруваше мојата нова вера. Една година по нашето крштавање, отидов да го посетам мојот роден остров. Беше недела, јас перев алишта, а мојот татко, враќајќи се од црква, ме виде и ми рече: „Што се случува со тебе? Се дружиш со белите луѓе, ги кршиш заповедите работејќи во недела!"

Ја отворив својата Библија и му ги покажав текстовите, „А по саботата, на осамнување на првиот седмичен ден, дојдоа Марија Магдалена и другата Марија да го видат гробот" (Матеј 28,1); „А беше ден на подготовката (петок), и саботата настапуваше" (Лука 23,54).

По таа средба, мојот татко никогаш повеќе не кажа ништо за празнувањето на Божјиот ден, сабота.

Во 1986 година Маршалските острови стекнаа независност, а наредната година училиштето го преселивме во поголема зграда, некогашен магацин што го држеше нашето семејство. На новата локација, училиштето го прошири своето дејствување – од градинка до 12 одделение (до четврта година средно училиште). Мојот син Р. Д. ги заврши сите 12 години во ова училиште.

Луѓето забележаа дека секогаш сум насмеана и се прашуваа како успевам да живеам така. Имав проблеми, но кога ќе наидев на некоја пречка, Бог ми ја отвораше вратата.

Во 1987 година мојот сопруг мораше да оди на Хаваите за да се лечи од загнојување на белите дробови. Докторите не беа сигурни дали ќе преживее. Се молевме, а мојот сопруг излезе од болницата за само пет дена. Беше со добро здравје. Благодарна сум му на Бога што му го сочува животот. Умре во 2017 година во својата 67 година.

Неколку години по здравствените проблеми на мојот сопруг, се соочивме со нова медицинска криза. На мојот помлад брат, старешина на црквата на Иби, му се роди син. Главата на бебето беше отечена. Брзо го однесовме во болница. Докторите рекоа дека тоа се случило поради насобран флуид и дека мора да биде префрлен во болницата на Хаваи.

Кога авионот полетуваше во 3 часот наутро, на аеродромот во Хонолулу, им предложив да се помолиме пред да одиме во болницата. Се помоливме уште во авионот, како и подоцна, додека го чекавме докторот во болницата. Кога докторот го прегледа момчето, не можеше да види ниту една трага од флуид. Главата на бебето беше со нормална големина. Беше излечено.

Јас верувам во силата на молитвата. Насмеана сум бидејќи верувам во Бога. Се предадов во неговите раце и верувам дека Тој ќе ми даде сѐ што ми е потребно.

Ноџаб Лемари, 66 години, отишла во пензија од местото главна сестра, но останала главна поддршка на адвентистичката црква на островот Иби. Дел од даровите на 13-тата сабота од ова тримесечје ќе биде употребен за итни поправки на старата училишна зграда, која Ноџаб и нејзиниот сопруг ја дале на адвентистичката црква во 1987 година).

*(За Ноџаб и нејзиниот син Р. Д. погледнете на линкот:* bit.ly/Nojab-Lemari-RD)

## Брзи факти

**Маршалските острови ги опфаќаат Ратак („сонце кое изгрева“) и Ралик („сонце кое заоѓа“), два паралелни синџира составени од 29 корални острови.**

**Просечната надморска височина за целата држава е само 2.1 м.**

**Поради својата надморска висина, Маршалските острови се во опасност од потенцијалните ефекти на подигнување на нивото на морето. Оваа држава се смета за една од најзагрозените на светот од поплави, кои некои научници ги поврзуваат со климатските промени.**



# Моќта на младиот средношколец

**Маршалски острови / 21 април 2018**

**Камлајта Булс, 62 и Харолд Булс, 60**

Камлајта прва дознала за седмиот ден, сабота, од својот син тинејџер Фредрик, кој бил испратен да учи во адвентистичкото мисионерско училиште на еден зафрлен остров кој им припаѓа на маршалските острови.

Но, Камлајта не сакала да ја напушти својата црква во која одела во недела. Таа на својот син му рекла дека нема да го промени своето мислење, само затоа што еден тазе средношколец бил возбуден поради курсевите за проучување на Библијата и дека нема да ја прифати црквата која ја празнува саботата, погрешниот ден во седмицата.

„Погледни во Библијата и ќе видиш дека ти ја зборувам вистината", рекол Фредрик.

Камлајта го избрала адвентистичкото училиште Иби за своето најстаро дете, затоа што сакал тоа да стекне христијанско образование, а и училиштето било во близина на нивниот дом. Училиштето, исто така, имало висока репутација, а англискиот јазик го предаваат учители-мисионери, што било многу подобро од англискиот јазик што се предавал во другите училишта.

Фредрик продолжил да ѝ ги изнесува на мајка си библиските вистини и стиховите што ќе ги запамтел на училиште. Посебно сакал да го рецитира стихот, „Но, барајте го првин царството Божјо и Неговата правда, и сè тоа ќе ви се додаде" (Матеј 6,33). Исто така, сакал да ги цитира и да ги брани списите на Елена Вајт.

„Не знам зошто некои луѓе имаат против учењето на Елена Вајт, кога сите нејзини списи укажуваат на Библијата".

Камлајта била импресионирана со убедувањата и библиското знаење што го покажувал нејзиниот син. Меѓутоа, ги одбивала и ги отфрлувала неговите зачестени повици да дојде во адвентистичката

црква, но не противречела кога Фредерик изразил желба да се крсти.

Кога била сама, се молела постојано барајќи од Бога да ѝ открие дали оди во вистинската црква, а ако не, да ѝ открие која е вистинската црква.

А потоа настапила суша на островот Иби на кој живеат 12,000 луѓе, од кои повеќето имаат 18 години и живеат само на 80 хектари земјиште. И онака сиромашното снабдување со свежа вода, дополнително било влошено. Камлајта им се придружила на другите островјани кои секојдневно добивале свежа вода за пиење, која била носена од блиската американска воена база, главниот работодавец на островот.

Стоејќи во редот за вода, Камлајта ја запознала Андреја, студентка мисионерка од Британија, која предавала во училиштето. Овие жени три дена постојано се среќавале во редот за вода. Третиот ден, Андреја ја повикала Камлајта да ја проучува Библијата со неа. А по договорот, Андреја секој ден доаѓала кај Камлајта во текот на една седмица.

„Кога ми ја изнесуваше Божјата Реч, јас бев одушевена и посакав да се крстам. Беше прекрасно. Секоја црква на островот ме повикуваше да дојдам, но јас не сакав. Одлучив да станам верник на Христијанската адвентистичка црква". Фредрик беше восхитен.

По своето крштевање, Камлајта била повикана да работи како асистент по настава во училиштето и да биде член на црковниот одбор. Тогаш почнала да се моли за својот сопруг Харолд. Две години се молела за Харолд, кој бил страстен пушач и кој многу пиел секоја вечер, по враќањето од работа, како надзорник на службата за храна во американската воена база. Харолд се согласил да ја проучува Библијата со адвентистичкиот пастор и набргу му го предал своето срце на Исус.

Камлајта и Харолд сите свои осум деца ги испратиле да учат во адвентистичкото училиште, а четворица меѓу нив биле крстени. Двајца од внуците исто така одат во ова училиште.

Харолд, кој сега има 60 години, и понатаму работи во американската воена база и служи како старешина во адвентистичката црква на островот Иби, која се собира во големата училишна сала. Околу 60 луѓе редовно се собираат на богослужбите.

„Бог е милостив, Тој се грижи за нашите животи и навистина ни помага. Без оглед на сè што се случува, Тој секогаш е тука, кога ни е потребно“.

Камлајта, 62 години, работи како професорка по маршалски јазик во адвентистичкото училиште. Таа, исто така, држи лекции од Библијата на пријателите и соседите на островот. Со нејзино залагање петмина луѓе биле крстени.

Камлајта сега размислува и прави планови да оди на своето родно островче Малолап, на кое живеат 150 луѓе, а нема ниту еден адвентист.

Многу животи се променети на маршалските острови благодарение на запишувањето на Фредрик во адвентистичкото училиште во 2003 година.

„Навистина сум му благодарна на Бога, што нè избра и што на чудесен начин работи на нашите срца“.

Дел од даровите на 13-тата сабота ова тримесечје ќе бидат употребени за итни поправки на училниците во адвентистичкото училиште. Ви благодариме што ги поддржувате мисионските дарувања кои ќе им помогнат на многубројните деца и нивните родители да го запознаат Исуса.

(*За Камлајта и Харолд погледнете на линкот:* bit.ly/Kamlitha-Bulles)

## Брзи факти

**Во проѕирната вода која ги опкружува Маршалските острови живеат повеќе од 1000 видови риби и 250 видови различни корали. Маршалските острови се сметаат за едни од најдобрите места за нуркање.**

**Во октомври 2011 година, властите го основале најголемиот резерват за ајкули на светот кој опфаќа приближно 2,000,000 квадратни километри океан.**

**Во водите околу Маршалските острови можат да се најдат 22 вида ајкули, меѓу кои се плавата ајкула, големоокота ајкула вршачка и портокалово – кафеавата ајкула.**



# Мексиканката се откажува од сѐ

**Маршалски острови / 28 април 2018**

**Нерли Масиас Фигуероа, 32**

Инспирирана од читањето на мисионските стории, кога имав 17 години одлучив еден ден да го напуштам својот дом во мексиканската држава Чиапас и да станам мисионерка.

Се сеќавам дека таа желба ја имав по дипломирањето, но немав пари за да волонтирам. Една вечер, додека се враќав дома пеш, се молев: Господе, сакам да бидам мисионерка, но не можам да купам авионска карта. Ако сакаш да бидам мисионерка, помогни ми да најдам работа и јас ќе одам“.

По два дена примив телефонски повик од југоисточната адвентистичка болница, која се наоѓа во мексиканската држава Табаско.

„Имаме работа за вас, само вие дојдете на разговор“, рекол човекот. Болницата ме вработи како главен нутриционист, одговорен за планирање на сите оброци.

Тоа беше неверојатен одговор на молитвата.

Една година подоцна, го пополнив формуларот на веб-страницата на адвентистичката волонтерска служба. Директорот на адвентистичкото училиште Иби на Маршалските острови ја прифати мојата молба.

Се молев, „Боже, помогни ми да одам на Иби“. Три дена пред да ја купам картата, умре мојот вујко. Имаше неколку финансиски проблеми, а моето семејство немаше средства да ги покрие неговите долгови. Така, јас ја дадов целата моја заштеда. Го повикав директорот на училиштето Иби и му реков дека немам доволно финансиски средства за да дојдам. Имаше големо разбирање.

Таа вечер се молев, „Боже, ако ми го даде овој сон да станам мисионер, зошто не можам да одам? Работам во болницата за да соберам пари за да одам, бидејќи тоа навистина го сакам.

Помина една година и јас повторно имав доволно пари за да одам на Иби. Но тогаш мојата сестра се повреди во една сообраќајна несреќа, и јас ги дадов сите мои пари. Повторно го повикав директорот на училиштето Иби и му реков дека не можам да дојдам.

Поминаа две години, и јас ги оставив настрана моите мисионски соништа. Имав добра работа и заработував многу пари. А потоа, една вечер, додека лежев во креветот и правев планови да си купам куќа и кола, се сетив на училиштето Иби.

Цела недела размислував за островот Иби. Се сетив дека му ветив на Бога оти ќе станам мисионерка, но почнав да се расправам со него велејќи: „Работам во адвентистичка болница, што значи дека работам во Твоето дело. Зашто сега да ја напуштам работата и да одам во некоја друга земја?" Додека го чекав Божјиот одговор, единственото нешто во мислите ми беше Иби, Иби, Иби.

Се молев, „Во ред, ако сакаш да одам на Иби, овозможи ми да добијам американска виза".

Најевтиниот пат од Мексико до островот Иби беше преку Лос Анџелес и Хонолулу. Поради преместувањето во тие градови ми беше потребна американска виза, што во Мексико не може толку едноставно да се добие. Го замолив директорот на училиштето Иби да ми испрати гарантно писмо, кое би можела да го однесам во американската амбасада.

„Кратко време пред да бидам повикана на разговор во амбасадата му реков на Бога, „Боже, сега навистина не сакам да одам да работам како мисионерка, бидејќи сега имам добар живот. Порано сакав, сега навистина не сакам. Те молам, немој да ми дадеш виза".

Во амбасадата службеникот ме праша, „од која причина сакате виза?" „Затоа што сакам да бидам мисионерка на островот Иби кој припаѓа на Маршалските острови", реков, а ни сама не знаев што сакам. Службеникот погледна во мониторот на својот компјутер. Не ми го побара гарантното писмо од директорот на училиштето, ниту каква било потврда за мојата банкарска сметка, туку само погледна во мониторот и рече, „Во ред ќе ја добиете визата за еден месец".

Додека ги изговараше овие зборови, сфатив дека Бог ми ја отвори вратата за да одам. Сега требаше да го одржам своето ветување, и така се одреков од сè – од својата работа, од животот во Мексико. Се поздравив со своето семејство и се преселив на островот Иби, остров

на кој живеат 12,000 луѓе и кој се наоѓа среде пацифичкиот океан.

По една година помината на Иби, воопшто не се каам.

Кога почнав да предавам во училиштето, во петто одделение, само едно дете од одделението потекнуваше од адвентистичко семејство. Со помош на еден пријател од Хаваите, држев библиски лекции за Божиќ на сите свои ученици. Петмина мои ученици беа крстени во текот на таа училишна година.

Некои луѓе ме прашуваат, „Зошто ја напушти работата во Мексико“? Сега немаш ништо.

Јас тогаш одговарам, „Добив сè. Среќна сум овде, бидејќи знам дека Бог има план за мене“.

Она што ме чуди е тоа што четири години се обидував да дојдам на островот Иби, а успеав дури во 2016 година. Сметам дека тоа е така затоа што Бог имал план за мене. Сè уште во потполност не знам каков е Неговиот план, но знам дека Тој го има, и дека ќе ми го открие во вистинско време.

Рајан Г. Вилакруел, директорот на Иби адвентистичкото училиште, нема сомнежи зошто Нерли стигнала тогаш кога стигнала. 25 од нејзините ученици се крстени, што прави нејзиното одделение да биде со најмногу крштевања во текот на изминатата училишна година.

Дел од даровите за 13-тата сабота во ова тримесечје ќе бидат употребени да се изведат големите неопходни поправки во училниците. Ви благодариме што ги поддржувате мисионските дарувања.

*(За Нерли погледнете на линкот:* ly/Nerly-Macias)

## Мисионски информации

**Еден значаен збор на маршалски јазик е „jokve“, кој е сличен со хавајското „aloha“ што значи здраво, збогум и љубов.**

**Постојат три адвентистички училишта на Маршалските острови, едно основно училиште, потоа дванаесетгодишно училиште на островот Мајуро и дванаесегодино училиште на вториот по големина остров, Иби.**

**Првото адвентистичко училиште на Маршалските острови е основано во 1968 година, во местото Лаура на островот Мајуро.**




# Привлечен кон Него

**Алберта, Канада / 5 мај 2018**

**Даниел Гибош, 56**

Новиот капелан Даниел Гибош, се чувствувал неприлагодено, кога стигнал со задоцнување од еден месец во училиштето Мамави Атоскетан, индијанско училиште во Алебрта во Канада.

Учениците и професорите веќе се познавале едни со други и полека се усогласувале. Меѓутоа, едно единаесетгодишно девојче по име Џоџо Волф, сакало да направи нешто за новиот професор да се чувствува добредојдено.

„За време на одморот меѓу часовите, таа беше постојано покрај мене. Седеше постојано до мене, а јас не можев да сфатам зошто го прави тоа“.

Проповедникот и девојчето често разменувале по некој збор за училишните задачи или за нејзините другари во дворот. Во училницата, Даниел на малата Џоџо и нејзините другари им предавал за Исуса и за неговиот план на откупување. Адвентистичкото мисионерско училиште било првото место на кое многу ученици од индијанско потекло можеле да слушнат за Исуса.

Еден ден, Џоџо го изненадила Даниел со цртеж на кој било нацртано виолетово бубаче.

„Вие сте најдобриот пастор! Многу сте добри кон мене“ – напишала со својата рака покрај цртежот со неколку граматички грешки.

Неколку недели подоцна, Даниел примил телефонски повик од директорот на училиштетот кој го известил дека во текот на викендот малата Џоџо умрела. На роденденската прослава си играла така што голтала хелиум за да произведува тенко гласче со кое ги

засмејувала другите деца. Приквечер се пожалила на главоболка, си легнала во креветот и повеќе не станала.

„Бев шокиран. Не можев да поверувам. Размислував за времето поминато со неа, прашувајќи се зошто, зошто сега, зошто мораше да умре толку млада“.

Сè уште немам одговор на тие прашања. Тоа е една од оние работи поради кои сите желно го чекаме Христовото доаѓање, кога сите тајни ќе бидат откриени.

Професорите и учениците беа во жалост, а училиштето беше затворено еден ден.

Семејството на малата Џоџо организирало традиционално тридневно бдеење во спортската хала во индијанскиот резерват. Луѓето доаѓале од сите страни, да оддадат почит, да изразат сочувство, да одржат говор на охрабрување и да јадат. Професорите и учениците од училиштето дошле на бдеење. Училиштето ја подготвувало храната, која професорите ја носеле сите три дена.

Професорите и учениците дошле заедно како едно семејство, рефлектирајќи го името на училиштетот Мамави Атоскетан, што значи „Работиме здружено“ на Кри-јазикот на индијанците. „Вашето присуство на бдеењето му зборува многу на ожалостеното семејство. Не морате ништо ни да кажете. Само вашето присуство на семејството му зборува дека ги почитувате и дека многу ви е жал за малата Џоџо“.

Рачно нацртаната слика на малата Џоџо денес ја краси канцеларијата на Даниел. Тоа е прва слика која воопшто ја добил од некој ученик во училиштето.

„Со својата слика направи да се чувствувам добредојдено. Сакам трајно да ја паметам по она што го направи за мене. Ми покажа дека работата не е само во тоа нешто да се добие, туку што може да се направи за другите“, вели Даниел.

Кога Даниел им зборува на другите деца, тој им кажува за тоа што направил Исус за нив, и што тие можат да направат за другите. Тој тогаш им го изнесува своето лично искуство со Исуса. Неговата главна цел е да се издигне Исус, а Светиот Дух ќе го направи останатото.

Исус рекол, „А Јас - кога ќе бидам издигнат од земјата - ќе ги привлечам сите кон Себе“ (Јован 12,32).

Даниел вели: „Ако јас го издигнувам Исуса, децата ќе бидат привлечени кон Него“.

Дел од даровите на 13-тата сабота од ова тримесечје ќе биде употребен за индијанското училиште Мамави Атоскетан да може да ја прошири својата образовна програма и, на тој начин, многу повеќе деца да можат да го запознаат Исуса. Ви благодариме што ги поддржувате мисионските дарувања.

(*За Даниел погледнете на на линкот:* bit.ly/Daniel-Guiboshe)

## Брзи факти

**Канада е втора земја по големина по Русија.**

**Канада има најдолг брег на светот 202,080 км. Ако пешачите по канадскиот брег, со просечна брзина од 20 км дневно, ќе ви бидат потребни 33 години за да го поминете целиот брег.**

**Американско-Канадската граница е најдолга меѓународна граница меѓу две држави на светот.**

**За името Канада се вели дека е латинизирана форма на зборот „selo“ на индијанците Ироки, кои ја нселувале долината на Сент Лоренс, и кои се истребени во 1600 година. Во јазикот на Ироки и Мохавк Индијанците постои зборот Kanata што значи „населба“.**

**Канада го држи светскиот рекорд по број на златни медали на едни зимски олимписки игри. Во 2010 година, на зимските олимписки игри во Ванкувер, Канада освоила 14 златни медали.**

**Hotel de glace (Хотел од лед) во Квебек се гради секоја година со користење на 400 тони лед и 12,000 тони снег. Секое лето, хотелот се топи, за повторно да биде направен наредната зима.**



# Воспоставување врска

**Алберта, Канада / 12 мај 2018**

**Дарлин Тисен, 45**

Момчето од осмо одделение по име Адриус, умре во текот на првата година на мојата работа како учителка во индијанското училиште Мамави Атоскетан, на адвентистичкото мисионерско училиште кое беше наменето за индијанските деца во канадската провинција Алберта.

Адриус се бореше со зависност од алкохол. Бил пијан, кога една вечер го удрила кола додека се враќал дома пеш. Се чувствував грозно наредното утро, кога дознав дека еден ученик умрел, а наставата беше откажана.

Вториот ученик Франсис Буфало умре во текот на мојата втора година од работата во ова училиште. Франсис беше крупен, со висок раст, но со благ и нежен карактер. Разговарал со некои пријатели, стоејќи покрај некои паркирани автомобили, кога автомобилот кој поминувал во близина изгубил контрола и се забил во него.

Двата смртни случаи оставија длабока трага на мене и се обидував да не плачам на погребите. Како учителка, секојдневно бев поврзана со тие момчиња, па се плашев, дека ако заплачам, нема да можам да престанам. Целото тело ме болеше, и имав чувство дека ќе препукнам.

По овие погреби, разни прашања го исполнуваа мојот ум. Се прашував какво влијание имав над овие момчиња. Дали ја почувствуваа Божјата љубов во ова училиште? Дали доволно им пруживме, па можеби во последните моменти од својот живот се свртеле кон Бога?

Прераната смрт на овие момчиња, ме потсетува секој ден на моите ученици да им го претставам Христа, кој е полн со љубов. Са-

кам овие деца да воспостават заедница со Исуса, која ќе влијае на промените во нивниот живот. Често во истиот момент не можам да ги видам резултатите од своето дејствување, но чувствувам некои мали искри кои ме исполнуваат со надеж.

Еднаш бев со АДРА на мисионерско патување во Мозамбик, каде што градевме дом за деца без родители. На учениците од трето одделение, на кои им предавав, им кажав каде ќе бидам и што ќе правам. Им зборував за мојата возбуденост поради патувањето, и полека ги подготвував за наставникот што требаше да ме замени.

Но, едно мало девојче по име Тијандра, помислила дека засекогаш ќе ги напуштам кога ќе заминам и дека никогаш нема да се вратам.  Почна непримерно да се однесува и на крајот заврши кај директорката. Кога директорката ѝ го поставила прашањето зошто така се однесува, таа одговорила со глас кој покажал цврст став, „зар вие никогаш не сте слушнале за сепарациона анксиозност?"

Директорката морала да излезе од својата канцеларија, за да се насмее. Тијандра изгледала толку слатко, користејќи го јазикот на возрасните.

Меѓутоа, таа добро проценила што се случувало. Таа се однесувала непримерно бидејќи помислила дека јас засекогаш ја напуштам. Имавме добар меѓусебен однос, така што почувствувала дека ја напуштам со тоа што заминувам во Мозамбик.

Кога се вратив во Канада, поминав еден ден дома за да се одморам од патот. Директорката ме побара и ми рече, „Покрај мене е некој кој сака да разговара со тебе" – и ѝ ја дала слушалката на Тијандра.

„Ало, здраво. Кога ќе дојдете во училиште?"

„Утре", одговорив.

„Во ред!"

И тоа беше тоа. И одеднаш сѐ беше во ред. Нашето пријателство повторно беше воспоставено.

Сите наставници имаат посебен меѓусебен однос со учениците. На децата навистина им причинува радост да бидат во училиште и да можат да нѐ гледаат секој ден.

Минатата година, моите третоодделенци потполно се стишија, кога на часот им реков дека Исус умрел на крстот за нив. На нив-

ните лица можеше да се прочита поглед полн на стравопочит. Зар е можно некој толку да ги сака. Им реков, дека би ми било полесно да волонтирам и да умрам за некого, отколку да гледам како синот ми умира.

„Бог толку многу ве сака, што го дал својот Син да умре за вас“, им реков.

Се сеќавам на едно девојче од прво одделение од основното училиште кое се соочуваше со караници во својот дом, бидејќи нејзините браќа и сестри беа распоредени во различни хранителски семејства. Нејзината најмлада сестра била одвоена од нив, а мајката се обидувала да го врати девојчето под свое старателство. Ова наше мало прваче беше многу загрижено.

А потоа, некои други деца почнаа да ја задеваат. Еден ден ја пронајдов надвор од училницата, во тоалетот, и кога видов како плаче, ја прашав што се случило.

„Другите деца зборуваат дека мојата најмала сестра е мртва“, рекла, липајќи.

Ја прашав дали може да се помолам заедно со неа. Се согласи. Ги зедов нејзините мали рачиња и почнав да се молам за нејзината сестра. По молитвата ѝ реков, „сега сѐ е во Христовите раце, дали се чувствуваш подобро?“

Како товарот од целиот свет да се тргна од нејзиниот грб. Отиде надвор и радосно почна да си игра со другите деца.

Ние наставниците, имаме мали моменти како овој, кога на децата можеме да им ја покажеме Исусовата љубов на дело. Јас сакам на своите ученици да им го приближам Исуса. Не сакам да пропуштам ниту една прилика во која можам да имам влијание на детето за цела вечност.

Дел од даровите на 13-тата сабота од ова тримесечје ќе биде употребен за индијанското училиште Мамави Атоскетан. Со овие средства ќе биде проширена образовната програма на ова училиште, така што уште повеќе деца ќе можат да го запознаат Исуса. Ви благодариме што ги поддржувате мисионските дарувања.

(*За Дарлин можете да погледнете на линкот:* bit.ly/Darlene-Thiessen)

## Брзи факти

**Северноамериканскиот дабар е национално животно на Канада.**

**Во канадската провинција Алберта популацијата на глувци е потполно истребена повеќе од 50 години.**

**Младенчето на мечето Винипег било одведено од Канада во зоолошката градина во Лондон во 1915 година. Малото момче по име Кристофер Робин Милн сакало често да ја посетува зоолошката градина поради мечето кое го нарекол Вини. Неговата љубов кон ова мало мече, го инспирирала неговиот татко А. А. Милн да ги напише приказните за Вини Пу.**



# Разговор со мртвите

**Алберта, Канада / 19 мај 2018**

**Ким Херингтон, 45**

Професорката во средното училиште, Ким Херингтон, ја слушала седумнаесетгодишната Шели, додека ја опишувала конверзацијата со својот дедо која се одвивала претходната вечер.

Шели и нејзиниот дедо разго варале за нејзината иднина, додека седела на тремот од куќата, во индијанскиот резерват во Алберта во Канада.

А потоа Шели спомнала дека нејзиниот дедо е мртов веќе неколку години.

„Кога дознав дека тој бил мртов, се наежив“, кажува Ким. Чувствував дека Шели била во присуство на лош дух“.

Ким предава наука и математика во индијанското мисионерско училиште Мамави Атоскетан во Алберта. Многумина од ученици-

те потекнуваат од семејства кои практикуваат традиционални духовни ритуали, и кои за прв пат слушаат за Исуса.

Шели повеќе пати разговарала за духовите со својата професорка. По настанот пов-вов (pow-wow - свеченост на индијанците од Северна Америка која вклучува јадење, пеење, играње) Шели кажува дека видела кентаур, митска фигура која е половина човек, половина коњ, како скока од куќа до куќа низ резерватот, потоа, дека можела да слушне како нејзините претци зборуваат од дрвјата кои се во дворот на нејзината куќа.

Седела во тишина и ги слушала гласовите за кои сметала дека потекнуваат од нејзините претци.

Шели вели дека најмалку два пати разговарала со некоја појава која личи на нејзиниот дедо.

„На тремот пред куќата, разговарале за тоа што таа сака во животот. Духот не ѝ рекол ништо негативно, како, ’оди и скокни во езерото’“.

Само разговарале и таа смета дека конверзацијата била пријатна. Сакала да разговара со својот дедо.

Сознанието дека Шели разговара со духови, ја обеспокоило Ким. Се молела тивко, за Бог да ѝ ги даде вистинските зборови. Тогаш почнала да поставува прашања.

„Ти во училиштето дозна за нашите адвентистички верувања. Кажи ми, што мислиш, кој бил тој дух? Дали тоа навистина бил твојот дедо? Кој го испратил тој дух и зошто?“

Шели била запознаена со библиското учење дека мртвите спијат и не знаат ништо. На крајот рекла: „Во право сте госпоѓо Херингтон. Сфаќам што сакате да кажете“. Потоа, Ким се помолила заедно со девојката.

Била збунета бидејќи сметала дека тоа искуство било позитивно. Си заминала со многу прашања, но рекла дека е благодарна на молитвата.

По таа молитва, Шели се враќала кај Ким уште неколку пати, за да побара да се молат кога имала некои семејни проблеми или едноставно лош ден. Ким забележала дека нешто позитивно се случува со Шели по тие разговори.

„Разговорот со духовите, одеднаш ја отвори вратата за овој молитвен однос“, смета Ким.

Шели почнала сериозно да размислува за присуството на духовите во својот живот.

По некое време, Шели ѝ раскажала на Ким дека ѝ пристапил духот на нејзината баба. Таа не видела некој физички облик, но го слушнала гласот на баба ѝ. Слушала минута-две, бидејќи баба ѝ и недостасувала и сакала да разговара со неа. А потоа, се сетила на својот разговор со професорката за тоа од каде доаѓаат тие духови.

Мирно му рекла на тој глас што наликувал на гласот баба ѝ: „Ако си некој лош дух, сакам да ме оставиш“. Тогаш почнала да пее песни за Исус што ги научила во училиштето. Духот ја напуштил просторијата.

Ким се моли Шели да научи да има доверба во Бога и да се потпира на Него.

„Ѝ реков дека Бог секогаш го контролира нејзиниот живот, без оглед на тоа што се случува. Таа барала совет од својот дедо и се прашувала каква иднина ја чека. Ја потсетив дека Бог има план за неа, иако таа можеби тоа не го гледа во овој момент“.

Ким го прочитала библиското ветување во кое Господ вели, „Зашто Јас ги знам Своите замисли за тоа што имам намера со вас - зборува Господ - замисли за мир, а не за несреќа: да ви дадам иднина и надеж“ (Еремија 29,11).

Ким сака нејзината ученичка да знае дека и двете му припаѓаат на Бога, а не на некој дух.

Поставила натписи на столчињата во училницата, на кои е нашишано: „На ова место седи Божјо дете“.

„Јас сакам децата да знаат дека се посебни, и дека Бог ги сака, независно од тоа што се случува“.

Дел од даровите за 13-тата сабота од ова тримесечје ќе бидат употребени за проширување на училишната математичка и научна програма, и со тоа уште деца ќе можат да се запишат во училиштето и да го запознаат Исуса. Ви благодариме што ги поддржувате мисионските дарувања.

*(За Ким погледнете на линкот:* bit.ly/Kim-Harrington)

## Брзи факти

**Во областа Алберта се наоѓаат 67 цркви со 11,646 верници на христијанската адвентистичка црква.**

**Адвентната вест во Алберта за прв пат е проповедана во мај 1895 година, од страна на двајца колпортери Томас Астелфорд и Џорџ Соулер.**

**Првиот адвентистички пастор, кој се населил во Алберта, бил Хенри Блок, кој дошол во октомври 1899 година, да ја води германската црква во Ледуца.**

**Некои верници на адвентистичката црква биле прогонети во Алберта во 1902 и 1903 година. Ј.Л. Хамрен из Ветаскивин бил обвинет и морал да плати казна од 2 долара затоа што работел во недела, иако законот со кој се забранувала работа во недела не бил применлив на фармерите. Хамрен се жалел за својата пресуда и случајот против него бил запрен. Подоцна, ковачот по име Гебанус, бил обвинет и мора да плати 10.70 долари затоа што неговата ковачка работилница била отворена во недела.**




# Средба на бензиската пумпа

**Западна Вирџинија, САД / 26 мај 2018**

**Џон Пења, 57**

Една вечер се случил некој технички дефект на бензиската пумпа на која работел Џон Пења, во американската држава Западна Вирџинија.

Времето кога се случил овој дефект не можело да биде полошо. Работата напредувала на сите 23 места за точење на гориво на пумпата во градот Маунт Хоуп, но сега, и апаратот за кредитните кар-

тички бил расипан; можело да се користи само готовина. Правејќи ги работите уште потешки, и банкоматот на пумпата бил расипан.

Џон и неговата колешка гледале како доаѓа еден голем кадилак и од него излегува еден убаво облечен црн човек и почнува да точи гориво во својата кола. Неколку моменти подоцна, човекот влегол во продавницата која се наоѓала на пумпата.

„Господине, вашата сметка е 40 долари и ќе мора да платите во готовина, бидејќи и апаратот за картички и банкоматот не ни работат", му рекол Џон.

Човекот изгледал вознемирено, „Сè што имам се кредитни картички", рекол со акцент, чие потекло Џон не можел да го одреди.

Џон отишол да го праша својот менаџер, кој му сугерирал муштеријата да го остави својот автомобил на пумпата и да оди да најде готовина. Човекот рекол дека многу тешко ќе најде готовина во ова време. Џон почувствувал искреност во зборовите на овој човек, и рекол, „јас ќе платам за вашето гориво, а вие оставете ми ја вашата возачка дозвола како гаранција. Ќе ви ја вратам кога ќе ми ги вратите парите.

Човекот се заблагодарил и се поздравил со Џон.

„Ќе дојдам утре", ветил.

Кога човекот излегол од продавницата, колешката го погледнала со израз на лицето кој зборувал дека го изгубил здравиот разум и му рекла „ќе ги изгубиш тие пари", прекорувајќи го.

„Јас верувам дека овој човек утре ќе се врати". Утредента, човекот дошол на пумпата, го побарал Џон и му предал 40 долари. „Дали сум должен уште нешто"? – прашал.

Џон не сакал ниту бакшиш, ниту дополнителни пари. „Не, сè е во ред", одговорил, додавајќи „Господ нека ве благослови, ви посакувам пријатен ден".

„И вас Господ нека ве благослови", одговорил човекот и излегол од продавницата.

**Неочекувана средба**

Таа вечер Џон ѝ го раскажал своето необично искуство на неговата сопруга Шерон. Нешто подоцна таа вечер, неговиот дедо (тат-

кото на жена му) Џим дошол да разговара за Библијата со него. Џим бил верник на адвентистичката црква, и повеќе пати го викал Џон да дојде со него во црква. Дознавајќи дека наредната сабота Џон нема да работи, Џим му упатил уште една покана.

„Во ред, ќе дојдам овој пат“.

Џон бил роден во семејство кое ја празнувало неделата во Кливленд, и неколку пати бил во црква заедно со својата сопруга, некогашна адвентистка.

Во сабота наутро, Џон седел покрај Џим во црквата во Бекли, чекајќи да почне службата. Кога видел дека пасторот влегува во салата од задната страна, Џим му се обратил на Џон и му рекол, „навистина би сакал да го запознаеш пасторот“.

„Во ред, и онака имам неколку прашања од Библијата кои би сакал да му ги поставам“. Додека пасторот полека се приближувал, Џон размислувал од каде овој човек му изгледа познат.

Пасторот се поздравил со него и замислено рекол, „Дали од некаде ве познавам?“

И двајцата се гледале едно време, а потоа Џим рекол, „вие сте оној човек од бензиската пумпа!“

„Да, вие сте човекот кој плати за моето гориво“, рекол пасторот.

По богослужбата, Џон и пасторот Самуел Симузохја, по потекло од Замбија, му објасниле на Џим на кој начин се запознале.

„За мене оваа средба беше благослов. Обично зборувам дека работите се случуваат случајно, но ова е благослов“, кажува Џон.

**Остатокот на приказната**

Средбата со адвентистичкиот пастор оставила длабок впечаток врз Џон. Почнал да доаѓа на саботните богослуженија во црквата Бекли, а подоцна и во адвентистичката црква во Спенсер, која е поблизу до неговиот дом. Неговата сопруга во меѓувреме се крстила.

Црквата Спенсер добила дел од даровите на 13-тата сабота за 2015 година. Меѓу проектите на 13-тата сабота таа година биле и 35-те евангелски серии предавања одржани во Западна Вирџинија.

Црквата Спенсер која број само некои триесетина верници добила дел од средствата и изнајмила голема јавна сала, две седмици

одржувала евангелски предавања кои ги водел еден старешините Вилијам Ланаконе. Џон, зедно со останатите верници, дистрибуирал литература и одел од врата до врата, делејќи покани за евангелската серија. Меѓутоа, не барал да биде крстен на крајот од серијата предавања.

Два дена пред крајот на серијата и крштевањето на две души што доаѓале на евангелската серија, пасторот на црквата, Даниел Мориконе, отишол да го посети Џон во неговиот дом и да разговара со него за тоа што го спречува да му го предаде своето срце на Христа.

„Кога ги гледам другите луѓе кои го отсјајуваат Христовиот карактер, јас не знам дали сум доволно добар“.

„Ако продолжите да гледате на другите луѓе, а не на Христа, никогаш нема да посакате да бидете крстен“, му одговорил пасторот.

Овие зборови длабоко го допреле срцето на Џон. Наредниот ден, го повикал пасторот и го прашал, „што треба да донесам за да се крстам утре?“

Џон бил крстен заедно со останатите.

Сеќавајќи се на својот пат до крштевањето, тој смета дека бил привлечен кон Христа, кон Неговата добрина која можела да ја види преку верниците на црквата.

Џон сега е ѓакон во адвентистичката црква Спенсер. Се надева дека ќе може да ја благослови својата локална средина на сличен начин.

„Овде живеам веќе 30 години. Луѓето ме познаваат. Тие ја забележуваат промената кај мене по обратувањето. Јас сакам да допрам до луѓето во оваа средина.“

*(За Џон, можете да погледнете на линкот:* bit.ly/John-Pena)



# Интересен памфлет

**Западна Вирџинија, САД / 2 јуни 2018**

**Хуанита Сетлиф, 67**

Хуанита, најмладата од седумте браќа и сестри, не ја сакала црквата како мало девојче кое растело на сиромашна фарма на Апалачките Планини во американската држава Западна Вирџинија.

Нејзината мајка во лето ги терала децата да пешачат шест километри до неделното училиште и назад. Во зима тоа било невозможно поради длабокиот снег.

„Навистина не сакавме да одиме", вели Хуанита. „Другите деца ни се потсмеваа бидејќи доаѓаа со автомобили, а ние моравме да пешачиме. Не размислував многу за црквата".

Во својот дом никогаш не видела Библија. Нејзините родители, кои не знаеле да читаат да пишуваат не покажувале интерес за религијата, освен што биле крстени во црквата на планината. Хуанита своето детство го опишува како лошо. Нејзиниот татко, воен инвалид кој се претворил во земјоделец, им дозволувал на разни луѓе да остануваат на фармата. Некои од нив биле многу насилни. Таму да се расте, тоа било навистина едвај подносливо.

„Немав среќно и убаво детство. Не сакам ниту да одам таму во посета. Кога ќе дојде време да појдаам таму, се чувствувам лошо и, едноставно, не сакам да одам", вели Хуанита.

Кога пораснала, Хуанита двапати се мажела и се разведувала. Се опивала и живеела со многу момчиња. Одгледала две девојчиња работејќи разни работи. Кога, во една пригода нејзините ќерки ја прашале дали би отишла со нив во црква, таа отворено им одговорила, „не сакам да бидам дволична, да поминам цела ноќ на забава, а потоа изутрина да одам во црква".

Еден ден, Хуанита го отворила своето поштенско сандаче и про-

нашла рекламен памфлет кој зборувал за серија предавања за пророштвата од книгата Откровение. И порано добивала разни религиозни материјали во поштенското сандаче, но овој пат нешто било поинаку. Почувствувала неодолива желба да присуствува на тие предавања.

„Се чувствував како некој да е зад мене и да ме подбутнува напред. Никогаш порано не сум се почувствувала така. Нешто ме тераше да одам и отидов".

Сега верува дека Светиот Дух дејствувал на неа да оди на предавањата.

Хуанита се појавила на првата вечер од серијата евангелски предавања во јавната сала што ја изнајмила христијанската адвентистичка црква во Бекли, заспано гратче во Западна Вирџинија, со население од 17.200 луѓе.

Иако малку знаела за христијанството, слушнала дека адвентистите ја празнуваат саботата. Таа веднаш прашала еден верник зошто се празнува саботата, а не неделата.

Верникот на црквата се насмевнал и одговорил, „пасторот ќе зборува за тоа малку подоцна".

Хуанита била разочарана затао што веднаш не добила директен одговор, но сепак дошла на предавањето и наредната вечер. Евангелистот не ја спомнал саботата, па Хуанита повторно го поставила своето прашање по предавањата. Повторно наишла на насмевка и ветување дека таа тема ќе биде обработена подоцна.

„Сметав дека тоа е некоја мистерија", вели Хуанита. Сакав да дознаам и не разбирав зошто не сакаа да ми кажат".

Меѓутоа, имала уште една причина да дојде на предавањето и наредната вечер. Откако го пронашла памфлетот во своето поштенско сандаче, почнала да размислува за својата иднина. Никогаш порано не ја читала Библијата, ниту била крстена во црква, па сознанието за денот на судот ја исплашило.

Хуанита била присутна на секое предавање во текот на тие четири седмици колку што траела евангелизацијата. Како подарок за својата присутност на предавањата, добила Библија. Со нетрпение почнала да ја чита. Ги проверувала стиховите што ги цитирал евангелистот. Кога конечно зборувал за седмиот ден, саботата, забеле-

жала дека Бог одморал и при создавањето го посветил седмиот ден. Видела дека Исус ја почитувал саботата и дошол на земјата не да го укине законот, туку да го прослави (Исаија 42,21).

Хуанита ја прифатила саботата. Почнала да ја чита Библијата онака како што пишува.

Хуанита била крстена со уште 15 други луѓе во септември 2016 година. Евангелизацијата во Бекли била меѓу 35-те серии евангелски предавања одржани низ Западна Вирџинија, со средствата собрани од даровите на 13-тата сабота во текот на 2015 година.

Луѓето забележале големи промени во нејзиниот живот откако му го предала своето срце на Христа. Таа повеќе не изговара пцовки, не пие ниту оди во барови.

„Навистина имав незгоден карактер, тоа беше многу лошо. Сега сум многу посмирена отколку што бев. Сега, кога мојата ќерка ќе каже некој лош збор пред мене, се извинува“.

Понекогаш има искушение да се напие, бидејќи тоа е начинот на кој го заборавала своето болно минато, но внимателното избирање на пријателите ѝ помогнало да не пие.

„Морате да знаете со кого излегувате. Ако излегувате со некој што пие, ќе почнете и вие повторно да пиете“.

Хуанита сака да се дружи со својата нова најдобра пријателка. Ви благодариме за вашите мисионски дарови, кои ја довеле до Исуса.

*(За Хуанита погледнете на линкот:* bit.ly/Juanita-Setliff)

## Мисионски информации

**Најголемиот број верници на Христијанската адвентистичка црква во Западна Вирџинија се наоѓаат во областа Маутен Вју, во која се наоѓаат 33 цркви со 2,303 верници.**

**Северноамериканската дивизија има 5,493 цркви и 1,225,317 верници на вкупна популација од 360,605,000, што претставува однос од 1 адвентист на секои 294 луѓе.**



# На излегување

**Западна Вирџинија, САД / 9 јуни 2018**

**Ајда Елизабет Дејвис, 65**

Кога бев мала секоја среда баба ми, која беше верник на адвентистичката црква, ме водеше на проучување на Библијата во Бекли во Западна Вирџинија. Во сабота наутро морав да пешачам осум долги блокови до црквата. Морав да одам. Не можев ништо да сторам, освен да одам во црква и потоа да се вратам дома.

Мојата строга баба ме одгледа како најмлада од седумте браќа и сестри. Не смеев да носам кратко здолниште, и морав да ја читам Библијата секој петок навечер. Никој во куќата не смееше ништо да работи од заоѓањето на сонцето во петок до заоѓањето на сонцето во сабота. Во недела ми дозволуваше да одам во други цркви.

Единствениот живот што го имав, беше училиштето и црквата. Јас бев на тој начин одгледана.

Кога наполнив 14 години се преселив во Њујорк за да живеам со останатите браќа и сестри. Бев изложена пред големиот свет и престанав да одам во црква. По колеџот се вработив како сметководител во една осигурителна компанија на Вол Стрит. Подоцна се вработив како државен ревизор во Вашингтон. Почнав да одам во црква во недела.

А, потоа една ноќ, сонив еден сон. Во сонот орав парче земја. Баба ми имаше трактор со кој ја ораше нејзината земја и ја подготвуваше за садење. Кога се разбудив, си помислив дека тоа можеби е знак дека треба да се вратам дома.

Јас и мојот сопруг сакавме да изградиме куќа, и одлучивме да ја изградиме на земјата што ја наследив од мојата баба.

Мојот сопруг, исто така владин службеник, не беше воодушевен со идејата да има куќа во Западна Вирџинија, но ја изградивме куќата додека сè уште работевме во Вашингтон. Откако се пензиони-

равме отидовме да живееме во Бекли. Тогаш почнав да се преиспитувам зошто ги напуштив сите свои пријатели во Вашингтон и се вратив во местото на моето детство. Стекнав нови пријатели, но на Бога му го поставував прашањето зошто сум тука.

Некаде во тоа време, во поштенското сандаче најдов флаер-покана за семинар за библиски пророштва. Ги прашав своите нови пријатели да ми се придружат на предавањата, но сите ме одбија, и на крајот решив да одам сама.

Во текот на четвртата вечер од семинарот, говорникот го спомна ѕверот од Книгата на пророк Даниел и Откровението, и сфатив дека сум присуствувала на адвентистичка евангелска серија предавања. Од некоја причина, врската со адвентизмот не беше потполно прекината. Се сетив на моето строго растење, и повторно имав чувство на осаменост. Тука седев сама, и ниту една моја пријателка не сакаше да оди со мене на овие предавања. Си помислив, „ако продолжам да доаѓам на овие предавања, би можела да ги изгубам сите свои пријатели“.

Предавањето само што почна, а јас со брзи чекори одев кон излезот. Жената која беше редар на вратата, а која ја забележав уште првата вечер, ме застана и ме праша.

„Зошто толку брзо заминувате, дали е се во ред?“ „Ова го слушав уште додека бев мала“, одговорив.

Ѝ раскажав за својата баба и за тоа како не ме пушташе никаде да одам или што било да правам, освен да ја читам Библијата и да одам во црква. Но, тоа беше само изговор. Всушност, јас се чувствував осамено, бидејќи сакав на овие евангелски предавања сакав да бидам со некоја пријателка.

Жената за која подоцна дознав дека е библиска работничка, по име Наоми Трикоми, се насмевна и направи да се чувствувам добредојдено. Ме повика да останам до крајот на предавањата. Нејзиното пријателство беше она што ми недостасуваше.

Се вратив на своето место и продолжив секоја вечер да доаѓам на предавањата до крајот на серијата. Секоја вечер, Наоми ме поздравуваше и ме прегрнуваше. Не можеше да седи со мене бидејќи беше на должност, но јас сега знаев дека имам пријателка во просторијата.

Додека ги слушав предавањата, спомените на моето детство почнаа да ми се враќаат. Повторно се почувствував како мало девојче во црквата. Кога проповедникот праша кој би сакал да се крсти, излегов напред. Тогаш се почувствув како во свој дом.

Бев меѓу шеснаесетмината кои се придружија на адвентистичката црква во септември 2016 година, преку една од 35-те евангелски серии предавања кои се одржуваа во цела Западна Вирџинија, а кои беа финансирани од даровите на 13-тата сабота.

Кога ќе погледнам назад во своето минато, увидувам дека црквата и Библијата, благодарение на мојата баба, секогаш биле присутни во мојот живот. Бог постојано ме чувал и ме водел. Сега, почнувам да сфаќам зошто ме повика да дојдам во Западна Вирџинија. Сега можам да одам напред, да се фокусирам на она што Бог сака да го правам.

Ајда Елизабет Дејвис има 65 години, и денес е координатор за службата на жени во адвентистичката црква Бекли.

(*За Елизабет погледнете на линкот:* bit.ly/Elizabeth-Davis)

## Брзи факти

**Околу 75% од Западна Вирџинија е покриено со шума.**

**Претседателот Абрахам Линколн ја прогласил Западна Вирџинија за држава. Тоа е единствената држава во САД која ја добила својата државност со претседателска прокламација.**

**Поради планинскиот релјеф, Западна Вирџинија се смета за Швајцарија во САД.**

**Западна Вирџинија се смета за најсеверна јужна држава и најјужната северна држава.**

**Првата селска бесплатна достава на пошта ја започнала својата работа во Чарлстаун на 6 октомври 1896, а потоа се проширила низ САД.**

**Чак Јегер од Хамлин е првата личност што летала побрзо од брзината на звукот во 1947 година.**



# Писмо од рајот

**Западна Вирџинија, САД / 16 јуни 2018**

**Клифорд Лонг, 61**

Еден ден, едно изненадувачко писмо дошло во поштенското сандаче на Клифорд Лонг во американската држава Западна Вирџинија.

Рачно напишаната порака прашувала дали сака да се запише на дописен библиски курс, во кој ќе може да дознае што учи Библијата за саботата, за состојбата на мртвите и за второто Христово доаѓање.

Клифорд и неговата сопруга не оделе редовно во црква, но размислувале за тоа да пронајдат некоја црква во која би оделе. Нивната конверзација секогаш завршувала со прашањето „која црква е во право".

„Многу работи немаа никаква смисла. Многу цркви за себе зборуваа дека се во право. Не бевме доволно запознаени со библиските теми, за да можеме да одлучиме во која црква да одиме. А, потоа ја најдов оваа покана во моето поштенско сандаче".

Клифорд почнал да ја проучува Библијата. Секоја лекција ја носел со себе во електродистрибуција, каде што работел како оператор кој ја надгледува работата на машините кои ги движат турбините кои произведуваат струја.

Тој и уште еден негов колега работеле во ноќна смена. Во своето слободно време на работа, тој разговарал со колегата, „Навистина ми се допаѓа овој дописен начин на проучување на Библијата, и со нетрпение ги очекувам новите лекции".

Посебно бил љубопитен во врска со саботата. Како момче, одел во црква која ја празнувала неделата, но неговиот татко предизвикал сомнежи во неговиот начин на размислување, за тоа кој ден треба да се празнува.

„Татко ми ми зборуваше: зошто овие луѓе го празнуваат Госпо-

довиот ден во недела, кога Библијата вели дека Господов ден е саботата“. Тие мисли постојано го исполнуваа мојот ум.

Кога фокусот на библиските проучувања се сведе на саботата, работите одеднаш почнаа се вклопуваат. Клифорд увидел дека Бог го посветил седмиот ден саботата при Создавањето, и никогаш не го променил за некој друг ден. Меѓутоа, себеси си го поставувал прашањето, зошто толку многу христијански цркви ја празнуваат неделата. Кога ги завршил проучувањата на Библијата, запишал втор курс, а потоа и трет. Завршил три серии библиски проучувања.

- Откријте (Discover)
- Восхитувачки факти (Amazing Facts)
- Гласот на пророштвата (Voice of Prophecy).

А потоа, во 2015 година, електраната била затворена. Работниците за тоа биле предупредени пет години порано, но Клифорд и другите се надевале дека некако електраната ќе преживее. Клифорд отишол во предвремена пезнија по 27 години поминати во електраната.

Наместо да очајува, тој се радувал бидејќи имал повеќе време да ја проучува Библијата и што повеќе не се соочувал со проблемот на слободни саботи на работа.

Некаде во тоа време, Клифорд и неговата сопруга Кејти ја запознале жената која го напишала писмото, поканата за библиските проучувања. Делзи Најсли, фармер и евангелизатор ја посетила оваа брачна двојка во нивниот дом. Кејти и Делзи речиси во истиот момент станале многу блиски пријателки.

Во октомври 2015 година, Делзи ја повикала брачната двојка на серија евангелски предавања коишто таа ги водела во адвентистичката црква Вели Вју, во градот Блуфилд. Клифорд и Кејти со нетрпение доаѓале секоја вечер на предавањата. Тука дознале како римокатоличката црква го заменила празнувањето на саботата со недела и како големо мнозинство од протестантските цркви ја прифатиле таа промена. Тие увиделе дека многу искрени христијани го прославуваат Бога во недела, поради традицијата, не сфаќајќи дека на тој начин го кршат Господовиот закон.

За време на евангелската серија на Кејти ѝ било кажано дека мора да направи хируршка операција на носот, но таа одбила да го

закаже оперативниот зафат сè додека не заврши серијата предавања.

„Го одложи хируршкиот зафат, бидејќи не сакаше да пропушти ниту едно предавање.“

Евангелската серија, која ја следеле 25 луѓе, повеќето верници на црквата, резултирала со две крштавања – крштавањето на Клифорд и на Кејти. Овие предавања биле меѓу 35-те евангелски серии предавања одржани во Западна Вирџинија, финансирани со даровите на 13-тата сабота во 2015 година.

Клифорд изразува радост кога размислува за предавањата и почетното писмо-покана за библиските проучувања. „Јас знам дека Бог ми испрати покана, бидејќи во тоа време размислував во која црква да одам, тоа беше тоа...“

Тој сака и другите луѓе да ја проучуваат Библијата. Неговите двајца возрасни синови и соседите исто така ги проучуваа лекциите на Дописната библиска школа.

„Сметам дека лекциите на ДБШ се прекрасни. Навистина многу можете да научите од нив. Сметам дека на ДБШ треба да ѝ се даде приоритет, бидејќи навистина внесува промени во животот на луѓето“.

*(Прочитајте го искуството за Дејзи Најсли на линкот: bit.ly/powerhouse-for-God)*

*(За Клифорд погледнете на линкот:* bit.ly/Clifford-Long)

## Тајната околу писмото

**Останува нејасно како името на Клифорд завршило на поштенската листа на Делзи.**

**Делзи кажува дека писмото за Клифорд било меѓу 300 рачно напишани пораки кои ги испратила по пошта кога станала координатор на својата локална црква за ДБШ во 2014 година. Имињата и адресите на тие 300 луѓе од списокот, потекнуваат од листата на оние кои во некој момент сакале да ја поучуваат ДБШ.**

**Пасторот во црквата на Клифорд, Џејмс Волпи, смета дека некој од брачната двојка Лонг ја пополнил и ја пратил по пошта пријавата за ДБШ (Гласот на пророштвата), која црковната област Маунтен Вју на својата територија ја ставала во поштенските сандачиња во секој дом во 2012 година.**



# Демоните разговараат со мене

**Аризона, САД / 23 јуни 2018**

**Пјер Ортиз, 24**

Пјер, прецепторот за машки во интернатот на адвентистичкото индијанско училиште Холбрук се подготвувал да си легне, кога му заѕвонил телефонот. Неговиот помошник го повикал за да му каже дека Дејвид, едно од 28-те момчиња кои биле сместени во спалните на интернатот, сака да излезе на прошетка доцна во ноќта.

Прецепторот брзо се облекол. Не знаел многу за Дејвид, освен дека има седумнаесет години и дека некогаш бил член на некоја улична банда. Неговата мајка го испратила во ова интернатско училиште, кое се наоѓа во американската држава Аризона, бидејќи се плашела за животот на својот син, со кој живеела во главниот град на државата Феникс.

Дејвид тивко чекорел зад Пјер неколку минути. Била ведра ноќ, осветлена од месечината.

Доаѓајќи до едно возвишение, и двајцата седнале и разговарале за ѕвездите кои треперат и за ѕвездените констелации, кои можеле да се видат со голо око. Дејвид одеднаш рекол, „Понекогаш демоните разговараат со мене“.

„Како мислиш“? – прашал прецепторот.

„Едноставно разговараат со мене“, одговорил тинејџерот.

„Понекогаш ми кажуваат да повредам некого или ми кажуваат да направам некоја работа, која не ја сакам.“

„Што мислиш зошто се случуваат тие работи?“

„Не знам, но работите станаа многу полоши откако дојдов овде“.

Прецепторот тогаш сугерирал дека сега е токму вистинското време за да се помолат. Ја спуштил својата глава и побарал од Бога да биде дел од нивниот разговор.

Отварајќи ги своите очи, рекол дека знае зошто работите станале уште потешки.

„Зошто“ – запрашало момчето.

„Затоа што си ги познавал демоните и злото, пред да дојдеш овде. Меѓутоа, сега доаѓаш во контакт со Исуса и Неговата добрина. А ѓаволот тоа не го сака.“

Дејвид замолкнал, а потоа рекол, „господине Ортиз, јас не ја разбирам црквата. Сè е некако на сила. Принудени сте да го слушате говорникот и да ги правите сите тие работи“.

„Дејвиде“, рекол прецепторот, „а како ти беше додека беше дел од бандата?“

„Тоа беше прекрасно. Бевме како семејство. Никогаш не го видовме водачот, но тој ни даваше наредби во плик, кои ги ставаше под нашата врата. И потоа ние одевме да го извршиме она што ни беше наредено. Бевме како семејство“.

„Сега сфаќам. Не сте го виделе својот водач, но сте добивале наредби и сте оделе да ги извршувате. Наградата за исполнетата задача била семејниот однос кој сте го имале меѓу себе“, одговорил Пјер.

Се насмевнал и рекол, „Дејвиде, токму тоа се случува и во црквата. Црквата е семејство. Меѓутоа, наместо да одиме надвор и да бидеме насилни и да правиме лоши работи, ние правиме добро.

Изгледало дека Дејвид почнал да сфаќа за што зборувал прецепторот. Почнал да плаче. Прецепторот не мислел дека Дејвид може да заплаче, но солзите се тркалале низ неговите образи. Неговото липање звучело како некое мало кученце кое лае.

„Господине Ортиз, Бог нема да ме сака“.

„Ти тоа не го знаеш, ти дури и не Го познаваш“, одговорил прецепторот.

„Порано убивав, а знам дека никој од вас не убивал. Сметам дека Бог поради тоа нема да ме сака“. Пјер му рекол на Дејвид дека Библијата е полна со записи за убијци на кои Бог им простил. „Ако ги одземеме сите убиства кои се спомнуваат во Библијата, тогаш таа би била премногу мала книга. Бог ги сака и убијците“.

„Сакам уште нешто да ви кажам. Демоните понекогаш прават и многу повеќе од тоа што само разговараат со мене. Тие го преземаат моето тело. Јас почнувам да се тресам и од мојата уста излегува пена, и не можам да се запрам“.

Срцето на прецепторот било трогнато од искреноста на момче-

то. „Затоа сме овде во училиштето Холбрук. Овде е Божја земја и овде сатаната нема власт. Ако чувствуваш дека ти се случуваат некои лоши работи, можеме да се молиме за тебе и да се бориме во таа борба со злото заедно со тебе".

Веќе било еден часот наутро и станувало многу ладно. Пјер повторно се помолил за Дејвид и тргнале назад кон интернатот.

Пјер не знае дали Дејвид го прифатил Исус во својот живот. Последно што слушнал за него, било тоа што Дејвид се вратил во Феникс и повторно се придружил на својата улична банда. Но, Пјер бил среќен што имал прилика да оди во ноќна прошетка по месечината со ученик од училиштето Холбрук кој води борба со себе, за да оди по правилен пат.

„Јас имам многу голема предност што можам да допрам до овие деца", вели прецепторот Пјер, кој служи во училиштето веќе две години. „Нашите 65 ученици доаѓаат и си заминуваат, и можеби утре нема да бидат овде. Но, ние мораме да имаме доверба во Бога дека ќе го благослови семето кое го садиме. Мојата молитва е, каде и да се наоѓаат учениците, Бог ќе направи нешто прекрасно во нивните животи".

Дел од даровите на 13-тата сабота од ова тримесечје ќе биде употребен за адвентистичкото индијанско училиште Холбрук, за изградба на нова спортска сала и кафетерија која ќе ги замени дотраените градби во кампусот на ова 72 години старо училиште. Ви благодариме што ги приложувате вашите мисионски дарувања.

*(За Пјер погледнете на линкот:* bit.ly/Pierre-Ortiz)

## Брзи факти

**Во Аризона се наоѓаат повеќето припадници на племето Навахо во најголемиот индијански резерват во САД. Резерватот се простира на површина од 71.030 км2 преку територијата на државите Аризона, Јута, Ново Мексико. Територијата на племето Навахо е поголема од 10 најмали држави во САД. Нејзин најголем град е Виндоу Рок во Аризона.**

**Првиот колеџ, кој е основан за заедницата на американските индијанци, се наоѓа во областа Навахо. Колеџот е основан во 1968 година како колеџ на заедницата Навахо. Денес е познат под името Дина колеџ.**

# Програма на 13-тата сабота

| | |
|---|---|
| **Почетна песна** | „Денес наш'те срца в Бога срекни се"<br>Од песнарка на Христијанската адвентистичка црква, бр. 36 |
| **Добредојде** | Водачот на саботната школа |
| **Молитва** | |
| **Програма** | „Кога го изговараш Неговото име, боли" |
| **Дар** | |
| **Завршна песна** | „Глеј, Бог е љубов"<br>Од песнарка на Христијанската адвенстистичка црква, бр. 240 |
| **Завршна молитва** | |

**Учесници:** *1 нарашор*

**Забелешка:** *Учесниците не мораат да ги учат напамет своите делови, туку да бидат доволно запознаени со материјалот, за да не мораат сè да читаат од скриптата. Извежбајте ја целата програма, за да можат учесниците да се почувствуваат пријатно и по потреба да го нагласат она за кое сметаат дека е важно.*

Ова тримесечје се запознавме со наши браќа и сестри од островот Иби, индијанското училиште Мамави Атоскетан од Алберта во Канада и во Западна Вирџинија, индијанското училиште Холбрук во Аризона. Денес ќе слушнеме уште една сторија од училиштето Холбрук, која нè потсетува дека Големата борба е навистина реалност, и дека Исус наскоро доаѓа.

# Кога го изговараш неговото име, боли

Четиринаесетгодишното девојче било повикано во канцеларијата на пасторот на разговор, за да се види поради што бегало од часови. Наместо состанокот да биде фокусиран на нејзиното лошо однесување, тој се претворил во живописен приказ на големата борба меѓу Христа и сатаната.

Училишниот психолог, Жизел Ортиз, забележала дека нешто не е во ред кога била повикана на состанок со Џезба, девојче од осмо одделение во адвентистичката индијанска школа Холбрук и пасторот Фил Векиарели.

Кога пасторот Фил го спомнал Исусовото име, телото на девојчето нагло се згрчило, и тоа гласно извикало „замолкнете“. По некое време се опуштило и шепнало, „пасторе, ме боли кога го изговарате Неговото име“.

Пасторот Фил ја отворил својата Библија и почнал да ги чита ветувањата за Исусовата моќ со која може да ги надвладее демоните. Секој пат кога би го споменал Исусовото име, девојчето силно реагирало и викало да престане.

Го прекинало пасторот и рекло: „Гласот што го слушам однатре ми вели дека лажете и дека таа книга е книга на лагата“.

Исус е Господ. Можеш да бидеш слободна, и тој глас ќе те напушти засекогаш, ако го прифатиш Исуса како Господ“ – рекол мирно.

Оваа сцена изгледала како бокс меч, со девојка која врескала и пастор кој без страв се впуштил во борбата. Жизел тивко се молела, повикувајќи се на библиските ветувања и заблагодарувајќи му се на Исуса за победата. Кога пасторот прочитал уште едно ветување, Џезба уште погласно повикала и во болка паднала на подот.

„Што мислиш, зошто мене ништо не ми се случува? Тоа е затоа што Исус е помоќен, но мораш да му се предадеш„– рекол пасторот.

Џезба се тркалала по подот викајќи „боли, боли“.

А потоа, се подигнала и истрчала надвор во просториите на ходникот од зградата на училишната администрација. Жизел истрчала по неа, плашејќи дека можеби ќе се обиде да го напушти кампусот. Џезба се свртела и ја погледнала Жизел. Изразот на нејзиното лице бил неопислив. Жизел знаела дека тоа не бил поглед на девојче. Иако

била исплашена, таа продолжила понатаму, да го следи девојчето.

Кога Џезба застанала, Жизел ѝ пристапила и така двете седнале на скалите. Набргу им се придружил и пасторот Фил.

„Потребно е да го бараш Исусовото име. Додека не го побараш Исуса, ова нема да те напушти“, рекол пасторот Фил.

Џезба паднала на тревата викајќи. На крајот извикала: „Прифаќам, прифаќам!“

„Дали го прифаќаш Исуса во својот живот“? – ја прашал пасторот.

„Да, го прифаќам Исуса во мојот живот“, изговорила со болен глас.

Следниот момент сè било готово. Лошиот дух си заминал, а Џезба лежела неподвижно.

„Дали се чувствуваш уморно?“

„Да“, одговорила тивко.

Жизел била надвладеана од емоциите и почнала да плаче.

Подоцна рекла, „беше прекрасно да се види оваа победа на светлината над темнината.“

По некое време, Џезба отишла во женскиот блок на интернатот, и со помош на Жизел, во својата соба наместила дел во кој на ѕидот ќе бидат закачени библиските ветувања во вид на постер.

Ова не е единствен случај на големата борба меѓу доброто и злото во кое оваа дваесет и седумгодишна верничка и другите службеници на училиштето Холбрук биле лично вклучени.

Во една пригода, во својата канцеларија била со девојче кое цело време гледало во аголот од просторијата. Девојчето рекло дека го видело својот покоен очув во тој дел од просторијата. Жизел почувствувала како студенило ја исполнува просторијата. Истиот момент почнала да се моли, прекорувајќи го лошиот дух. По некое време, духот ја напуштил просторијата.

Учениците пријавувале натприродни активности – можеле да видат и да слушнат различни работи во спалните. Кога Жизел дошла во ова училиште, работела како помошник на женскиот прецептор. Една ноќ почувствувала темнина во својот стан. Слушнала глас кој ѝ се обратил, „потребно е сега да се молиш“.

Клекнала на своите колена и се молела, „Господе, јас не знам што се случува, но Те молам да ги заштитиш девојките и мене со своите ангели.“

Наредното утро, прецепторката на женскиот блок спални соби, која живеела над Жизела, рекла дека претходната ноќ почувствувала нечие присуство во својата соба, почувствувала некоја невидлива рака која ја притискала. Била исплашена и не можела да се помести. А, потоа, во еден момент притисокот попуштил. Присуството на темнината исчезнало по молитвата на Жизел.

Ваквите настани ја потсетуваат Жизел дека големата борба меѓу доброто и злото е реалност и дека Исус наскоро доаѓа.

„Не го сфаќав тоа, сè додека не дојдов овде, дека секој пат кога сме отсутни или не се бориме Божјото царство да оди напред, силите на злото напредуваат. Тоа може да се види по нашите деца, ако не овозможуваме постојано присуство на светлината во нивните животи, темнината брзо ги опфаќа и ние сме принудени да тргнеме од почеток“.

Жизел вели дека ја сака својата мисионска работа и дека не би ја менувала за ниту една друга.

„Ова не значи да се излезе на катедра пред луѓето и да им се зборува нешто одвреме-навреме. Ние сме повикани да одиме и да плачеме со луѓето. Од мисионската работа можете да бидете исцрпени, но никогаш не сум се почувствувала пожива. Тоа е убавината на работата со Бога. Тој ќе прави работи за кои сте мислеле дека е невозможно да се направат. Благослов е да се биде дел од Неговото дело и навистина да се биде поврзан со луѓето на кои Тој им е потребен“.

Исус наскоро доаѓа! Ова тримесечје можевме да слушнеме искуства за тоа како Светиот Дух се излеал на школите во Канада, Маршалските острови и во САД. Слушавме за силата на евангелските предавања. Денес го поставуваме прашањето: што правиш ти за мисијата? Слично како Жизел од училиштето Холбрук, дали и ти се чувствуваш возбудено поради мисијата и поживо од кога било порано? Да го извршиме денес својот дел од мисијата и великодушно да го приложиме дарот на 13-тата сабота.

*(Џезба на јазикот на Навахо Индијанците значи „војна, несигурност и сила“.*

*(Приложување на даровите проследено со инструментална музика)*



Проекти кои ќе бидат во центарот:

- Основање на центри и цркви за целокупниот пристап на луѓето во Кина
- Основање на прва адвентистичка црква во Сејонг во Јужна Кореја
- Изградба на интернатска академија во Уланбатор во Монголија
- Младински евангелски центар за обука, кој се наоѓа во Сетагаја црквата во Токио
- Шест градски здравствени центри во Тајван.

## МИСИОНСКИ ЗРАК НА СВЕТЛИНА

Излегува од печат секое тримесечје со мисионските стории кои ги уредува канцеларијата на адвентистичката мисија. Ова ДВД ги содржи сите мисионски искуства кои доаѓаат од разни краишта на светот, вклучувајќи ги и мисионските проекти на 13-тата сабота, за кои се собираат дарувањата.

Мисионскиот зрак на светлина е добар за:

- Саботната школа
- Детските приказни
- За подготовка пред почетокот на богослужбата
- Извидници
- Молитвени состаноци

ДВД е потполно бесплатно.
Преземете ги нашите приказни од интернет на:
www.missionspotlight.org

## Порака од издавачот:

***Ако членовите на саботната школа некогаш ве прашаат каде одат нивните седмични мисионски дарувања, можеби оваа статија ќе им биде од полза.***

***Каде одат моите мисионски дарови?***

Дали некогаш сте почувствувале, кога ги давате своите мисионски дарови, како да ги ставате своите пари во „црна дупка“?

Вие знаете кои држави и проекти ќе добијат дел од даровите на тринаесеттата сабота. Меѓутоа, што се случува со редовните мисионски дарови што ги приложувате секоја седмица? За што ќе бидат употребени?

Можеби ќе бидете изненадени од фактот дека седмичните мисионски дарови им помагаат на повеќе од 1,000 мисионери насекаде во светот. Всушност, 70% од седмичните мисионски дарови им помагаат на мисионерите и на работата на нашата црква во светски рамки. Издвојувањата од Генералната конференција наменети за државите на Блискиот исток, Северната африканска унија и на Израелското мисионско поле, помагаат да се воспостават и да се одржуваат мисионските активности на овие териотрии.

Остатокот од парите помагат на различни институции и агенции кои служат на црквата во целиот свет. На пример, го помагаат мисионското медицинско дело на универзитетот во Лома Линда, даваат поддршка да се шири евангелието преку програмите на адвентистичкото светско радио и на хуманитарните активности на АДРА.

Во изминатите години милиони луѓе од областите на светот кои се соочуваат со предизвици, го запознале спасението во Исуса и дошле во Христијанската адвентистичка црква. Во овие области се основани илјадници нови цркви. Меѓутоа, откако биле крстени, дали овие верници биле и како биле негувани? Дали имаат пристап до материјалите и програмите кои можат да помогнат да ја зајакнат својата нова вера и да им помогнат да растат во своето ученииштво? Дали во тие нови цркви има доволно пастори?

Вашите мисионски дарувања го поддржуваат растот и напредокот на делото во целиот свет.

Ако сакате да добиете дополнителни информации за адвентистичката мисија во светот, одете на AdventistMission.org.

Ви благодарам уште еднаш за молитвите и за финансиската поддршка околу проектите на адвентистичката мисија. Вие сте тие кои придонесувате и правите разлика во животот на милиони души насекаде во светот.

**Гери Krауз**
**Директор на канцеларијата на адвентистичката мисија**

## ИЗВОРИ

### Извор на информации за читателите

За повеќе информации за разновидното културно наследство на Маршалските острови, Канада, САД, Северноамериканската дивизија, обратете се во локалната библиотека, патника агенција или амбасада на земјата што ви е потребна информација. Внесете го името на земјата во вашиот интернет пребарувач.

Следните веб-страници можат да ви бидат од полза.

**Маршалски острови:**
Marshall Islands government website rmigov.com
Ebeye SDA School Facebook page bit.ly/EbeyeFB
Wikitravel bit.ly/WikiMI

**Канада:**
Canada's government website bit.ly/CanGov
World Travel Guide bit.ly/TravelCan
Alberta's government website
Mamawi Atosketan Native School mans1.ca
Mamawi Atosketan Facebook Page bit.ly/MamawiFB
Lonely Planet bit.ly/LonelyAlb

**САД:**
U.S. government website usa.gov
World Travel Guide bit.ly/WTGUSA
West Virginia's government website bit.ly/WVGov
Lonely Planet bit.ly/LonelyWV
Arizona's government website az.gov
Holbrook Indian School bit.ly/HolbrookIS
Holbrook Indian School Facebook page bit.ly/HolbrookFB
Visit Arizona bit.ly/AZVisit

**Адвентисти на седмиот ден**
North American Division nadadventist.org
Guam-Micronesia Mission gmmsda.org
Adventist Church in Canada adventist.ca
Alberta Conference bit.ly/AlbertaSDA
Mountain View Conference mtviewconf.org
Arizona Conference azconference.org

Адвентистичкото мисионско DVD е бесплатен прилог на списанието во кое можат да се видат приказните од земјите за коишто зборувавме, как ои за Светкста мисија на Адвентистичката црква. Замоли го водачот на саботата школ да ти даде една копија од ова DVD или оди на
http://www.subotnaskola.org/mladi-i-odrasli/adventisticka-misija-video/

Мисионското списание може да се најде и на фејсбук.

Читајте ги, коментирајте, споделете ги, лајкувајте ги нашите искуства од светот на www.facebook.com/mission-quarterlies.

**Средство за остварување на целта**

Ќе помогне вниманието да се фокусира на мисијата во светот и да се зголеми седмичното мисионско дарување.

Сосредоточете го своето внимание на светската мисија и зголемете ги седмичните мисионски дарувања.

Побарајте од вашиот Одбор на саботната школа да ја постави целта за вашите мисионски дарувања. (Поставете повисока цел од онаа што била за минатото тримесечје, поделете ја сумата на 14 делови – (12 редовни тримесечни делови и два дела за тринаесеттата сабота).

Покажете го неделниот графикон на напредок кон поставената тримесечна цел.

Потсетете ги верниците, исто така, дека активностите на црквата во светски рамки зависат од седмичните мисионски дарови на саботната школа. Дванаесеттата сабота поднесете извештај за мисионскиот дар собран во текот на тримесечјето и потсетете ги членовите на саботната школа да ги приготват своите дарови на тринаесеттата сабота за наредната седмица. Оваа информација за собраните средства мнозина ќе ги охрабрат да продолжат да ги приложуваат своите мисионски дарувања.

ГРАДИВО 2/2018
**Вести од светот**

Излегува тримесечно

**Издава:**
Управниот одбор на
Христијанската
адвентистичка црква
во Р. Македонија

**Подготвил:**
Мелита Томовска

**Одговара:**
Томе Трајков

**ЗА ИНТЕРНА УПОТРЕБА**